Врз основа на член 94 точка 23 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) Универзитетскиот сенат на Меѓународен Универзитетот „Визион" во Гостивар, Универзитескиот сенат, на седницата одржана на 25.09.2018 година го донесе следниов

**ПРАВИЛНИК**
**За еквиваленицијa на предмети на**
**Меѓународен Универзитет Визион**

**Општи одредби**

Член 1

Со овој правилник се регулира постапката за еквиваленицијa на предмети при трансфер на студенти од други институции при Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар.

Студентите може да аплицираат за трансфер од друга образовна институција на Меѓународен Универзитет Визион- Гостивар перманентно или за мобилност, на прв или на втор циклус на студии соодветно.

Член 2

За да се разгледаат барањата за перманентен трансфер кандидатите мора да имаат завршено најмалку еден семестар на универзитетот од каде што доаѓаат, за соодветниот циклус за кој аплицираат за трансфер.

Максималниот број на ЕКТС кредити кои можат да се добијат или да се префрлат со трансфер од факултетот за програмата од првиот циклус е 90/120 ЕКТС ( од 180/240 ЕКТС респективно), во случај на претходни тригодишни или четиригодишни студии.

Член 3

Трансферот за мобилност е базиран на Болоњскиот процес и ЕКТС . Процесот за мобилност се координира од страна на шефот за студентски прашања во соработка со соодветниот деканат. Заинтерсираните студенти треба да се пријават во почетокот или во полугодието на академска година, согласно конкурсот за упис на студенти.

**Апликација за трансфер**

Член 4

Кандидатите кои сакаат да го продолжат своето образование на некој од факултетите при Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар, се должни за тоа да поднесат Барање за еквиваленција до Службата за студентски прашања. Барањето треба да биде адресирано до Деканот на факултетот каде кандидатот сака да го продолжи своето образование. Во прилог на барањето кандидатите треба да достават

1) уверение за положени испити на претходната високообразовна установа на македонски јазик
2) исписница или доказ за претходно образование на институцијата од која доаѓа
3) доказ дека е отпочната постапката за нострификација во Министерството за образование, доколку е неопхподно да се изврши еквиваленција на испити од високообразовна инститтуција од странство

**Постапка за еквиваленција на претходно образование и признавање на испити**

Член 5

По дојава од студентската служба дека има поднесени молби за трансфер на студенти, деканот на соодветниот факултет на дневен ред на првиот следен состанок на наставно-научниот совет предлага формирање на Комиија за признавање на испити.

Член 6

Наставно научниот совет од своите редови формира комисија од тројца наставници, меѓу кои и деканот на единицата. Деканот по функција е Претседател на комисијата за признавање на испити, а еден од членовите е негов заменик. По првото формирање, комисијата има мандат за една академска година.

Член 7

Комисијата по разгледувањето на барањето и доставената документација, има право да побара од кандидатот да достави дополнителни информации во врска со неговото претходно образование.

Во случај кога комисијата нема потреба од дополнителни информации, одлучува по барањето на кандидатот во рок од пет работни дена од приемот на барањето.

**Решение за признавање на испити**

Член 8

Комисијата одлучува по барањето на кандидатот со Решение за признавање на испити. Притоа, комисијата може определен испит:

-да го признае целосно

-да го признае делумно

-воопшто да не го признае

Дали еден испиот ќе се признае целосно или делумно или воопшто нема да се признае, зависи од неговата компатибилност со предметите и силабусите опфатени со акаредитираната студиска програма на факултетот при МУВ.

Доколку комнисијата утврди совпаѓање на предеметните програми поголемо од 2/3, испитот се признава во целост и на кандидатот му се доделува бројот на кредити предвидени со студиската програма на факултетот при МУВ.

Член 9

Решението на Комисијата за признавање на испити задолжително ги содржи следните елементи:

1. Име и презиме на студентот, живеалиште и податоци за претходно образование;
2. Табеларен приказ на предметите кои се признаваат, со број на стекнати кредити при МУВ и стеканти оценки за нив на претходната високообразовна установа;
3. Вкупен број на освоени кредити и број на кредити кои му преостануваат на студентот за комплетирање на првиот циклус на студии при МУВ;
4. Семестар во кој се запишува кандидатот.

Решението на комисијата е конечно и против него кандидатот нема право на приговор.

Решението го потпишува Претседателот на комисијата или неговиот заменик.

Решението се изготвува во три примероци, од кои еден останува кај Комисијата, еден оди во студентското досие, а еден се доставува до службата за финансии, кој изготвува режим за исплати за кандидатот по основ на преостанати кредити.

**Преодни и завршни одредби**

Член 10

Овој правилник стапува на сила на денот на неговото донесување и се објавува на универзитетски гласник.

**Претседател на сенат**